**20170761360**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15 и 142/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.6.2017 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за следење на состојбите во пензискиот систем (во натамошниот текст: Совет), кој разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем.

Член 2

Советот се состои од претседател и осум члена, и тоа:

а) претседател

- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика.

б) членови:

- проф. д-р Драган Тевдовски, министер за финансии,
- проф. д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори,
- м-р Крешник Бектеши, министер за економија,
- Зорица Апостолска, министер без ресор задолжена за странски инвестиции,
- д-р Булент Дервиши, претседател на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување,
- Шаип Зенели, директорот на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
- Весна Стојановска, генерален директор на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје и
- Давор Вукадиновиќ, генерален директор на НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје.

Член 3

Во работата на Советот може да учествуваат експерти за кои Советот ќе одлучи за потребно во врска со прашањата што се разгледуваат на Советот.

Член 4

Советот:

- разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем,
- следи имплементација на реформата на пензискиот систем,
- иницира мерки за подобрување на состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и за обезбедување на одржливост на пензискиот систем на долг рок.

Член 5

Советот донесува Деловник со кој се уредува начинот на неговата работа.

Член 6

Стручно- административните работи на Советот ги врши Министерството за труд и социјална политика.

Член 7

Советот за својата работа ја информира Владата на Република Македонија на секои три месеци, а по потреба и почесто.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 44-2756/1
19 јуни 2017 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Радмила Шекеринска-Јанковска,** с.р.